[redacted]

ИП1 бр.29-327
12.05.2025г.
Скопје

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање
Државен Инспекторат
за животна средина-Скопје

Палата Емануел Чучков, 5-ти кат
ул.Павел Шатев бр.2 Скопје
Република Северна Македонија

Сајт: www. sei.gov.mk

**Државниот инспекторат за животна средина-Скопје** преку Државниот инспектор за животна средина-советник Мите Начев од Скопје, со службена легитимација бр.06-0012, врз основа на член 33 од Законот за инспекциски надзор во животната средина ("Сл.Весник на Р.С. Македонија" бр.99/22) и член 232 став (2) точка 6 од Законот за водите ("Сл.Весник на Р. Македонија" бр.87/2008), по одобрениот елаборат за животна средина за одгледување на риби во с.Огњанци општина Петровец УП1. Бр. 11-694 од 05.03.2025 год. , сопственост на Садик Личина и Водостопанската Дозволата за користење на површински води и води од подземно водно тело, а заради отстранување на недостатоците утврдени со записникот ИП1 бр.29-327 од 09.05.2025г. донесе:

# РЕШЕНИЕ

1) Се задолжува Индивидуалниот Земјоделец Садик Личина со место на живеење на ул. 4 бр. 11 во с. Ржаничино општина Петровец, да ги отстрани недостатоците утврдени со записникот ИП1 бр.29-327 од 09.05.2025г. и тоа:

- Да поднесе барање до МЖСПП- Сектор за води за добивање водостопанска дозвола за користење на вода од подземно водно тело и површински зафат на вода за потребите на проектот во изградба за интензивно одгледување на риба, лоциран во с. Огњанци во општина Петровец , со одобрен елаборат за животна средина УП1. Бр. 11-694 од 05.03.2025 год согласно членовите 28, 29 и 30 од Законот за водите.

Рок за отстранување на недостатоците е најмногу 90 дена од денот на приемот на решението, по што треба да го извести Државниот инспектор за животна средина.

2) Доколку Државниот инспектор за животна средина, утврди дека не се постапува согласно Решението, ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка до надлежен орган, согласно членот 200 став 4 од Законот за животна средина

3) Жалбата изјавена против ова решение не го одлага неговото извршување.

[redacted]

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање
Државен Инспекторат
за животна средина-Скопје

Палата Емануел Чучков, 5-ти кат
ул.Павел Шатев бр.2 Скопје
Република Северна Македонија

Сајт: www. sei.gov.mk

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Државниот инспектор за животна средина-советник Мите Начев со службена легитимација бр.06-0012 на ден 09.05.2025 год., изврши редовен инспекциски надзор по одобрениот елаборат за животна средина УП1. Бр. 11-694 од 05.03.2025 год. за одгледување на риби во с.Огњанци општина Петровец, сопственост на Садик Личина и Водостопанската Дозволата за користење на површински води и води од подземно водно тело.

Елаборатот за заштита на животната средина се однесува на активност-одгледување на риби за рекреативно ловење риби. Објектот се предвидува да биде изведен во атарот на село Огњанци на земјоделска површина во приватна сопственост на инвеститорот Садик Личина на КП 822 на КО Огњанци. Парцелата е со вкупна површина од 11.774 м$^2$ , на која површина е предвидена изградба на 2 базени-езера-рибници и тоа едното со површина 4.400 м$^2$ додека второто е со површина од 1550м$^2$ . На 100 метри западно тече р. Вардар. Планирано ловење на риби 2000 парчиња во помалото езеро и 5000 парчиња во поголемото езеро. Езерцата рибници ќе се полнат со вода преку зафат со помош на водена моторна пумпа од р. Вардар.

Елаборатот за заштита на животната средина за одгледување на риби е одобрен со Решение за одобрување на елаборатот за животна средина со бр. Уп. 11-694 од 05.03.2025 год., донесено од МЖСПП.

Исто така поради високи подземни води во определени периоди од годината езерата рибници ќе се полнат со подземна бунарска вода.

Самостојниот земјоделец Садик Личина како инвеститор на новој проект нема обезбедено водостопанска дозвола за користење на речна вода ниту пак водостопанска дозвола за користење на вода од подземно водно тело, што се добива од Секторот за води во МЖСПП.

Бидејќи досега самостониот земјоделец Садик Личина нема поднесено вакво барање до МЖСПП во Секторот за води, се одлучи како во диспозитивот на решението.

**Правна поука**: Против ова Решение согласно со членот 84 од Законот за инспекциски надзор ("Сл.Весник на Р.С. Македонија" бр. 102/2019) може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка. Жалбата се таксира со 250 денари административни таксени марки и се поднесува во два примероци.

Решено во Државниот Инспекторат за животна средина под ИП1 број 29-327 од 09.05.2025год.

Доставено до :
- Архива
- Садик Личина
  ул. 4 бр. 11 во с. Ржаничино општина Петровец,

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Мите Начев